**20250561173**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 35 став (4) од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ДАВАТЕЛИ НА КВАЛИФИКУВАНИ ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ И ЛИСТА НА КВАЛИФИКУВАНИ ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и начинот на објавување на листата на даватели на квалификувани доверливи услуги и на листата на квалификувани доверливи услуги кои ги обезбедуваат давателите на квалификувани доверливи услуги.

Член 2

Листата на даватели на квалификувани доверливи услуги и листата на квалификувани доверливи услуги се објавуваат интегрирано во една листа (во натамошниот текст: Листата).

Листата која се води од страна на Министерството за дигитална трансформација (во натамошниот текст: Министерството), се објавува во електронска форма читлива за човек, која е погодна за автоматска обработка и истата е потпишана со електронски потпис или запечатена со електронски печат на Министерството.

Листата се објавува согласно стандардот ETSI TS 119 612.

Член 3

Објавената листа се ажурира најмалку еднаш на секои две години со внесување на секоја промена во статусот на давателите на квалификувани доверливи услуги и на квалификуваните доверливи услуги кои тие ги обезбедуваат.

Член 4

Во Листата може да се објават и информации за даватели на неквалификувани доверливи услуги, заедно со информации поврзани со неквалификувани доверливи услуги кои тие ги обезбедуваат.

Во Листата јасно се наведува кој давател на доверлива услуга и која доверлива услуга која ја обезбедува не се квалификувани.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и начинот на објавување на листата на даватели на квалификувани доверливи услуги и листа на квалификувани доверливи услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 175/20).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-281/3
5 март 2025 година
Скопје

Министер за дигитална
трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.